## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Ќе се избира најубаво украсен двор

По повод новогодишните празници, Општина Гази Баба ќе избира најубаво украсен двор, балкон и простор пред зграда. Покрај тоа, Општината првпат годинава ќе избира и најубаво украсено основно училиште и градинка.

- Жителите веќе имаат долгогодишна традиција и искуство во новогодишното украсување, па токму затоа сакаме да ги избере најдобрите. Сите што се заинтересирани може да се пријават директно во Општината или на некој од општинските телефони – велат од Гази Баба. **Е.М.**

## „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

# Заврши поставувањето ПЕТ-контејнери

Дванаесет контејнери за ПЕТ-амбалажа се поставени деновиве во општина Бутел, а во тек е поставувањето и во општините Чаир и Гази Баба. Со тоа ќе се заокружи акцијата на подрачјето на Скопје, каде што во оваа, прва, фаза ЈП „Комунална хигиена“ постави 130 контејнери.

Според најавите од претпријатието, во наредната фаза ќе се воведува системот за селекција во индивидуалните домаќинства, со кеси за ПЕТ и за стара хартија. ❑

## КИСЕЛА ВОДА

# Првомајска ќе стане булевар

Улицата Првомајска ќе прерасне во булевар. Потребата од ново сообраќајно решение, како што велат во Општина Кисела Вода, се наметна со изградбата на нов станбен и деловен простор, со зголемувањето на компаниите лоцирани во трите индустриски зони, но и со изградбата изработката на проектот што ќе опфаќа булеварско решение на потегот од Стара рампа до семафорите на крстосницата на улицата Народни Херои во првата фаза, а потоа и од семафорите кај циментарница до влезот на Драчево. Во првата фаза булеварот ќе содржи по две ...

## ПРОДОЛЖЕН ТЕНДЕРОТ ЗА НАБАВКА НА ДВОКАТНИ АВТОБУСИ

# Уште една шанса за фирмите кандидати

■ **Некои фирми што имаат подигнато тендерска документација побарале рокот за доставување на понудите да биде одложен**

**Елена Мачевска**

Тендерот за набавка на двокатните автобуси, кој требаше да заврши до први декември, е продолжен до 20 јануари в година. Тоа е договорено меѓу Министерството за транспорт и врски, како распишувач на тендерот, и Владата, како иницијатор за набавката на автобусите, за да им се излезе во пресрет на заинтересираните фирми, кои го побарале тоа од нив.

- Некои фирми што веќе имаат набавено тендерска документација за да конкурираат побараа рокот за доставувањето на понудите да биде одложен. Се одлучивме да им излеземе во пресрет поради строгите услови посочени во тендерот – вели Драган Симоновски, портпарол на Министерството за транспорт и врски.




Скопје чека на даблдекерите

Според него, досега се пријавиле странски фирми, но до завршувањето на тендерот нема да се спомнува нивниот број. Тој прецизира дека фирмата што ќе го добие тендерот ќе мора двокатните автобуси да ги прилагоди од надвор да личат на ...

- Внатрешноста, пак, на двокатните автобуси ќе биде со специфичен дизајн. Седиштата ќе бидат удобни и всушност треба да се исполнат сите светски стандарди за удобност во градскиот превоз – вели Симоновски.

Од ЈСП „Скопје“, претпријатието за кое се наменети и кое ќе стопанисува со автобусите, и натаму остануваат на ставот дека скопските улици се наменети за по нив да според директорот Александар Бошковиќ, кога ќе бидат набавени, ќе ги прифатат автобусите. Тој вели дека веќе побарал од Владата да им помогне финансиски и за опремување и за одржување на двокатните автобуси.

- Според нашите процени, донацијата ќе нè чини 500.000 евра за дополнителни трошоци. Толкави финансиски средства во моментов нема да можеме да одвоиме ... вели Бошковиќ.

По набавката на двокатните автобуси ќе мораат да се изградат нови гаражи, да се подготват стручни кадри што ќе ги возат и сервисираат автобусите, да се направат нови сервиси за миење на возилата. Покрај тоа, Градот ќе треба во целост да ја реконструира патната и светлосната сигнализација, и да се отстранат дрвјата чии гранки навлегуваат над коловозот. Дополнителен проблем е и тоа што на три линии, на колку во моментов сообраќаат возилата на ЈСП „Скопје“, нема да можат да се користат ваквите авт... Пречка, поради висин... возилата, се надвозни... во општина Кисела Вода и во Бутел и подвозникот во Градскиот трговски центар.

Според светските искуства, ваквите автобуси се многу поризични за постојано превезување патници, споредбено со еднокатните. На горниот кат е забрането стоењето, а проблем се јавува и при излегувањето на патниците што се сместени горе поради големите турканици ...